Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 11, 19 септември 2008 година

септември 2008
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент/асистент) по предметот Трудово право и други сродни правни дисциплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предмети од областа *граѓанско право* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *геологија*, по предметите Палеонтологија и стратиграфија, Геотехнички објекти 1, Рекламација и рекултивација на земјиштето и предметите од Катедрата за геологија и геофизика на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент по предметот Казнено право и други сродни правни диціплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент/помлад асистент) по предметите Основи на економијата, Применета економија и други сродни наставно -научни дисциплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент/асистент) по предметите Меѓународно јавно право и Право на Европската унија на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот *„Механизација во градинарството и цвеќарството",* од проф. д-р Ристе Кукутанов од Земјоделски факултет - Струмица и асс. м-р Иле Цанев од Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје ........ 21

Издавач
Универзитет „Гоце Делчев" – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГЕОЛОГИЈА, ПО ПРЕДМЕТИТЕ ПАЛЕОНТОЛОГИЈА И СТРАТИГРАФИЈА, ГЕОТЕХНИЧКИ ОБЈЕКТИ 1, РЕКЛАМАЦИЈА И РЕКУЛТИВАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ПРЕДМЕТИ ОД КАТЕДРАТА ЗА ГЕОЛОГИЈА И ГЕОФИЗИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА РУДАРСТВО, ГЕОЛОГИЈА И ПОЛИТЕХНИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на седницата одржана на 2 септември 2008 година, донесе Одлука (број 0210-145/96 од 4 септември 2008 година) за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Никола Думурџанов (претседател), проф. д-р Гоше Петров (член) и проф. д-р Тодор Делипетров (член), со задача да изготви и да поднесе писмен реферат, со предлог, за избор на ***наставник во сите звања***, за наставно-научната област ***геологија***, по предметите: ***Палеонтологија и стратиграфија, Геотехнички објекти 1, Рекламација и рекултивација на земјиштето*** **и** ***предмети од Катедрата за геологија и геофизика.***

На распишаниот конкурс, објавен на 9 јули 2008 година во весникот „Дневник”, се пријави само кандидатката д-р Виолета Стојанова, дип. инж. геолог, асистент на Факултетот за рударство, геологија и политехника во Штип.

По прегледот на добиениот материјал, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

Кандидатката **д-р Виолета Стојанова** е родена на 9 март 1964 година во Штип. Основно и средно образование (ЦОУ „Борис Кидрич” - с. Три Чешми, ЕМУЦ „Коле Нехтенин” - Штип) завршува со одличен успех.

Во учебната 1984/85 година се запишува на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, на Одделот за геологија. Дипломира во 1990 година со просечен успех 8,44.

Во 1993 година се вработува на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, како помлад асистент по предметите: Палеонтологија и Историска геологија.

Во учебната 1993/94 година се запишува на постдипломски студии на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, на Одделот за геологија, насока - Регионална геологија, каде ги положува предвидените испити со просечен успех 9,80.

На 21. 2. 2001 година го одбранува магистерскиот труд со наслов *„Стратиграфија на палеогенот од Овчеполскиот басен според микрофораминиферите”*, со што се стекнува со академски степен магистер на технички науки.

Во 2001 година, по магистрирањето, е избрана во звањето асистент по предметот Палеонтологија и стратиграфија. Паралелно со овој предмет, асистира и по предметот Принципи во геологијата.

Во изминатиот период, во рамките на предвидените активности, редовно е ангажирана во организирањето и изведувањето на кабинетските и лабораториските вежби, како и теренските пракси по предметите од регионална геологија.

Во 2004 година, од страна на Наставно-научниот совет на Рударско-геолошкиот факултет во Штип на кандидатката ѝ е одобрено да работи докторска дисертација на тема *„Еволуција и стратиграфија на палеогенот на територијата на Република Македонија”*, под менторство на проф. д-р Никола Думурџанов.

Во текот на изработката на докторската дисертација таа остварува поголем број на соработки со научни институции од регионот (Природнонаучно-техничкиот факултет - Оддел за геологија при Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија, БАН и Мино-геолошкиот универзитет од Софија, Р. Бугарија, НАФТАГАС - Нови Сад, Р. Србија), а во неколку наврати има остварено и научно-специјалистички престој на Софискиот универзитет во Р. Бугарија.

На 11. 6. 2008 година, на Факултетот за рударство, геологија и политехника, при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ја одбранува својата докторска дисертација, со што се стекнува со звање доктор на технички науки.

**Научноистражувачка и стручна дејност**

Кандидатката д-р Виолета Стојанова целиот свој досегашен работен век го поминува на Факултетот за рударство, геологија и политехника во Штип. Од првиот избор за помлад асистент, па сé до денес, таа е задолжена за изведување на вежбите по предметите: Палеонтологија и стратиграфија, Принципи во геологијата и предмети од Катедрата за геологија и геофизика. Од досегашната нејзина работа може да се види дека успешно е вклопена во образовниот процес на Факултетот за рударство, геологија и политехника во Штип, на почетокот како помлад асистент, а подоцна и како асистент, вршејќи ги своите работни обврски на високо професионално ниво.

Покрај ангажирањето околу работата како асистент (вежби, консултации, работа со студенти и др.), таа во изминатиот период беше вклучена и во реализацијата на неколку научноистражувачки проекти, финансирани од Министерството за образование и наука на Р. Македонија. Исто така, таа е вклучена и во неколку научноистражувачки проекти кои се во тек на реализација.

**Реализирани проекти**

1. *„Геофизички истражувања и креирање на геодинамички и геофизички модел на депресиите на Источна Македонија”*, 1997-2000.
2. *„Генеза на неогенско-квартерните депресии и нивните формациско-стратиграфски карактеристики на територијата на Македонија”*, 1999-2002.
3. *„Гравиметриско влијание на мохо-дисконтинуитетот во корелација со современите структури на територијата на Република Македонија”*, 2000-2003.
4. *„Формирање на геомагнетна опсерваторија во Република Македонија според стандардите на ИНТЕРМАГНЕТ”*, 2001-2004.

**Тековни проекти**

1. *„Циклуси на седиментна корелација на палеогените басени од Југозападна Бугарија и Источна Македонија”*, меѓународен проект со Р. Бугарија (2006-2009, раководител на проектот проф. д-р Милорад Ватсев, МГУ, Софија).
2. *„Корелација на еоценските флишни седименти во Македонија и Словенија и влијанието врз регионалните палеогеографски проучувања на флишните басени”*,

билатерален проект со Р. Словенија (2007-2008, раководител на проектот проф. д-р Гоше Петров, ФРГП, Штип).

Во последните неколку години, кандидатката д-р Виолета Стојанова учествува во изработката или самостојно ги изработува следниве научни трудови:

**1.** Stojanova, V., Petrov, G., 2004: *Small Foraminifers of the Ovce Pole Basin, the Republic of Macedonia.* Forth International Congress, EMMM, Isparta, Turkey;
**2.** Stojanova V., Petrov, G., 2005: *Stratigraphic distribution of small foraminiferes near the village of Nemanjici, the Ovce Pole Basin, Republic of Makedonia.* 14 th Congress of Geologists of Serbia and Montenegro, Novi Sad, (18-20 October). Abstrakt, p.126;
**3.** Stojanova V., Petrov G., 2007: *Stratigraphic distrubution of the foraminifers of the Ovce Pole Paleogene basin in the Republic of Macedonia.* Geologica Macedonica. Faculty of Mining, Geology and Politechnic, Vol.21, 11-20, Stip;
**4.** Stojanova V., Petrov G., 2007: *Distribution of the foraminifers from the Ovce Pole Paleogene basin, the Republic of Macedonia*. Izvestaj od proekt FNSF-06, MGU, Sofija;
**5.** Stojanova V., Petrov G., 2008: *Стратиграфско распространение на фораминиферите од Тиквешкиот басен во Република Македонија.* I конгрес на Македонско геолошко друштво. Охрид. (во печат);
**6.** Стојанова В., 2008: *Еволуција и стратиграфија на палеогенот на територијата на Република Македонија.* Докторска дисертација. Факултет за рударство, геологија и политехника, Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката д-р Виолета Стојанова, асистент на Факултетот за рударство, геологија и политехника во Штип, во изминатиот период беше активно вклучена во образовната и научната дејност на Факултетот. Таа досега успешно ги организираше и ги водеше вежбите по предметите: Палеонтологија и стратиграфија, Принципи во геологијата и предмети од Катедрата за геологија и геофизика, а активно учествуваше и во реализацијата на поголем број научни и апликативни проекти. Во последните неколку години, кандидатката д-р Виолета Стојанова самостојно или како коавтор објавува повеќе научни трудови.

Врз основа на гореизнесеното, Рецензентската комисија констатира дека д-р Виолета Стојанова ги исполнува условите предвидени со Законот за високото образование. Со посебно задоволство, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за рударство, геологија и политехника, при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да ја избере **д-р Виолета Стојанова** во **звање доцент** за наставно-научната **област геологија**, по предметите: ***Палеонтологија и стратиграфија, Геотехнички објекти 1, Рекламација и рекултивација на земјиштето*** и предмети од Катедрата за геологија и геофизика.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Никола Думурџанов, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Гоше Петров, член, с.р.**

**Проф. д-р Тодор Делипетров, член, с.р.**